превземено од www.pravo.org.mk

# ЗАКОН ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ГАРАНЦИИ ПО КОРИСТЕНИ КРЕДИТИ ОД ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА

**Сл. Весник на Р.Македонија бр.43/95 од 14.09.1995 година**

## Член 1

Република Македонија ги презема гаранциите за кредитите користени од Европската инвестициона банка за проекти во Република Македонија за кои гарант биле деловни банки од поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Составен дел на овој закон е прегледот на главнината на кредитите од став 1 на овој член.

## Член 2

Корисниците по кредитите од Европската инвестициона банка се должни пристигнатите ануитети во роковите на пристигнувањето.

Доколку пристигнатите ануитети во роковите на пристигнување, во име на корисникот на кредитот ги плати Република Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на Заводот за платен промет да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците од сметката на корисникот на кредитот.

## Член 3

Во име на Република Македонија, договорот за гаранција ќе го потпише министерот за финансии.

## Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ**
**(во ЕКИ еквивалент)**

| Проект Прв протокол | Дата на потпишување на договор | Корисник | Банка гарант | Износ на главница во милиони ЕКИ |
|---|---|---|---|---|
| 1.6265 Преносна мрежа | 3.11.1977 | Електро пренос Скопје | Југобанка- Здружена банка | 2,96 |
| 1.6276 Управување со електрична енергија | 17.12.1982 | Електростопанство на Македонија | Југобанка- Здружена банка | 6,70 |
| 1.6282 Транс-југословенски автопат II | 21.07.1983 | Републичка СИЗ за патишта | Стопанска банка Здружена банка- Скопје | 5,67 |
| 1.6287 Транс-југословенска железница | 03.02.1984 | Железничка транспортна организација- Скопје | Љубљанска банка | 5,97 |
| Втор протокол | | | | |
| 1.3556 Транс-југословенски автопат IV/C | 20.09.1988 | Републичка СИЗ за патишта | Стопанска банка Здружена банка- Скопје | 15,00 |
| 1.4552 Транс југословенска железница II/Е | 21.03.1990 | Железничка транспортна организација Скопје | Стопанска банка Здружена банка - Скопје | 2,00 |
| 1.4555 Транс југословенски автопат VI/C | 21.03.1990 | Републички СИЗ за патишта | Стопанска банка Здружена банка - Скопје | 15,00 |
| | | | **ВКУПНО:** | 53,30 |